Врз основа на чл.6,7,8 и 10 од Законот за Социјална заштита 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/2013, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17, 51/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.104/19) член 22, став 1, точка 7 и 9 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и чл.21 од Стаутот на Општина Лозово (Сл.Гласник бр.05/02, 29/14 и 73/17) Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден 11.12. 2023 год. донесе:

# ***П Р О Г Р А М А***

## ***ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ВО 2024 ГОДИНА***

### I ВОВЕД

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните.

### II ЦЕЛИ

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,
- спречување на социјалната исклученост,
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот
- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Лозово кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Изнаогање форми за згрижување на социјалноранливи групи;
- Изнаогање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граганите;
- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница;
- Осовременување на воспитните и образовните установи во односна организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови и услуги за инклузија на лица со посебни потреби;

### III АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Лозово во областа на социјалната заштита ке бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на социјално маргинализирани групи;

-Создавање услови за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица и иновативни форми зазгрижување на сиромашни семејства;

- Промовирање на родовата рамноправност;
-Грижа за старите лица,
-Реализација на активности по стратешки документи,
-Вклучување во партнерски проекти со повисоки нивоа на власти граѓански организации.

| **Реден број** | **Субјект** | **Вредност** |
|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош за секое новородено дете | 200.000 |
| 2. | Еднократна парична помош за семјства од социјален ризик за лекување од потешки болести | 300.000 |
| 3. | Пакети со храна за социјално загрозени семејства, новогодишни пакетчиња за децата со посебни потреби, на децата кои произлегуваат од семејства кои се корисници на социјална помош и новогодишни пакетчиња за учениците од I до V одд | 130.000 |
| 4. | Еднократна парична помош на лицата со посебни потреби | 30.000 |
| 5. | Еднократна парична помош за лица погодени од пожар(елементарна непогода) | 100.000 |
| | **Вкупно** | **760.000** |

## IV.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансира од средствата на Министерството за труд и социјална политика и Буџетот на Општина Лозово предвидени за 2024 година. При реализацијата на Програмата, Советот на

Општина Лозово ќе ги поддржи институциите и Здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

-Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
-Бизнис заедницата,јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
-Други извори.

## V.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Активностите предвидени со оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината.

## VI.АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Лозово има развиен граѓански сектор чии цели се социјализација, едукација и инклузија на социјално ранливи групи: воспитно запуштени деца, деца без родители, стари и изнемоштени лица, маргинализирани групи, зависници од дроги и други наркотици . Општина Лозово ке ги поддржи нивните напори за иновативни форми за згрижување и социјализација на овие граѓани со осврт на родовиот аспект и еднаквите можности.

## VII. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности кои ке се помагаат со средства од Буџетот на Општина Лозово се:

-Обезбедување стручна, техничка и друга подршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање протоколарни средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активност ке се реализираат согласно можностите на Општина Лозово.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Лозово".

**Д а т а**
**11.12.2023год**

**Општина Лозово**
**Претседател,**
**Владе Миланов**

**Изготвил:**
**Ивана Бојкова**